# ПЕЛАГОНИТИСА

БР. 30 / 2021

Излегува
со благослов на Митрополитот Преспанско-пелагониски
и Администратор Австралиски и Новозеландски
господин Петар

**СПИСАНИЕ ЗА ПРАВОСЛАВНА ВЕРА, КУЛТУРА, ОБРАЗОВАНИЕ И УМЕТНОСТ**

Содржина

1. Исходењето на Светиот Дух во учењето на Свети Атанасиј Велики - м-р Виктор Недески ........................................ 5

2. Апофатиката на личноста кон личносниот вечно жив Бог на „Христијанскиот Исток“ и апофатизмот на суштината кон мртвиот Бог на „Христијанскиот Запад“ - ѓакон Константин Сековски ........................ 11

3. Космичката мисија на човекот според преподобен Максим Исповедник - м-р Игор Ризановски........................................21

4. Жените во епигравските споменици од периодот на римското царство и рановизантискиот период - д-р Весна Калпаковска ........................................30

5. Поимот аналогија кај Псевдо Дионисиј Ареопагит - Владимир Лоски ................40

6. Осија, пророкот на Божјата љубов која укорува и спасува - д-р Ѓоко Ѓорѓевс ки........................................66

7. Човечкиот разум - лик на Божјите Лица - д-р Илче Мицевски - Игнат ................75

8. Црквата и државата во Византија (за проблемот на цезаропапизмот од еклисиолошки аспект) - м-р Кирче Трајанов ........................................90

9. За манастирот трескавец и за неговото книжевно наследство - Академик Ѓорги Поп Атанасов - ........................................99

10. Јурисдикцијата на епархиите од Охридската архиепископија од 1767 година до крајот на Втората светска војна - д-р Антонио Петков ................108



# ЧОВЕЧКИОТ РАЗУМ - ЛИК НА БОЖЈИТЕ ЛИЦА[1]

## Човекот – лик на Словото Божјо



д-р Илче Мицевски-Игнат

Во Светото Писмо читаме дека Бог го создал човекот според Својот лик и подобие (1. Мој 1, 26), што ни вели дека човекот носи во себе некои карактеристики кои ги има и Бог. Ако Бог го ставил Својот лик во човекот[2], значи дека човекот е способен да се уподоби со Бога и да се усовршува непрестајно. Затоа, подобието со Бога му беше дадено уште од создавањето, но не потполно, туку човекот требаше да го добие преку сопствениот духовен труд. Човекот беше создаден последен од целото создание на светот, крунисувајќи го со своето присуство. Светот беше создаден за човекот, за да биде соединет во човекот и преку него да биде обожен. Сите логоси кои Бог ги стави во созданието се наоѓаат и во човекот или подобро кажано, се наоѓаат во круната на созданието – човекот. Човекот може да

1 Овој наслов е превод од второто поглавје на втората глава 2. Христос – највисокиот Разум и Архетипот на созданието во теологијата на отец Думитру Станилое, од докторската дисертација на авторот насловена Рационалното познавање во теологијата на свети Јустин Поповиќ и на отец Думитру Станилое, одбранета на 16. 04. 2019 на Богословскиот православен факултет „Патријарх Јустинијан" во Букурешт. Поднасловите кои се дел од поглавјето се истите и во докторската дисертација, без да ги наведеме и редните броеви кои стојат пред насловите.

2 Антропологијата на отец Д. Станилое е студирана во следните студии: V. C. Popa, "Chipul lui Dumnezeu din om potrivit referatului biblic. Referințe ale Părintelui Profesor Dr. Dumitru Stăniloae", во Dumitru Megheșan et al. (co-ord.), Academician Preot Profesor Dr. Dumitru Stăniloae – Părintele teologiei românești, Oradea 2014, 373-383; D. V. Fer, "Starea primordială a omului în accepțiunea Părintelui Profesor Dumitru Stăniloae", во Dumitru Megheșan et al. (coord.), Academician Preot Profesor Dr. Dumitru Stăniloae– Părintele teologiei românești, 384-395; C. Enăchescu, "Contribuția Pr. Acad. Prof. Dr. Dumitru Stăniloae la edificarea unei filosofii antropologice creștin-ortodoxe", Ortodoxia 55 (3-4/1993), 127-142; C. I. Băjău, "Relația Dumnezeu-om în teologia Părintelui Profesor Dumitru Stăniloae", Revista Teologică SN XXII (1/2012) 72-96.

ги препознае и да ги именува логосите во созданието, именувајќи и вреднувајќи ги за неговите потреби, а особено тие му ја покажуваат божествената мудрост ставена во созданието. „Разликата помеѓу човековиот субјект како разум или збор и светот како разум или збор е дека човековиот субјект е словесен збор или мисловен и делотворен разум според ликот на Синот како мисловен и создателен субјект, а работите се само зборови способни да бидат зборувани или логоси способни да бидат мислени"[3]. Човекот е словесно битие според ликот на Божјиот Логос. Човекот ја има гносеолошката способност да зборува за создадените работи и да ги мисли во нивната длабочина. Нивното мислење во длабочина значи познавање на нивната тајна и смисла.

Ако во созданието можат да се најдат толку логоси, значи дека биле создадени од еден највисок Разум, односно од Бога. Така и човекот е разумно создание според ликот на највисокиот Разум, односно едно суштество надарено со ум и разум. И во човекот се наоѓаат божествените логоси, секој со неговата улога, со таа разлика што на човекот му е потчинето созданието. Човекот е разумен затоа што го носи ликот на Бог и е една личност како што и Бог е Личност. Само една личност може да биде разумна и само една личност може да открива, да мисли и да ги објасни логосите кои се наоѓаат во созданието. Само една личност може да ги мисли логосите кои се наоѓаат во неа и во созданието, поврзувајќи ги помеѓу себе во својот живот. „Во оваа способност на човековото битие да одговори со своите дела на делата на Бога и да се присоедини со нив во тесна соработка со Него, реализирајќи и развивајќи го односот со Бога низ светот, се покажува човековото битие како битие «според ликот на Бога». Во свесното и доброволно прифаќање да ја исполни таа улога и да си го усоврши тоа својство, човековото битие напредува во «уподобувањето» со Бог. Тоа е «според ликот на Бога» преку неговата фундаментална способност да биде во активен дијалошки однос со Бога, преку светот, како личност со личност"[4]. Односот со Бог преку созданието е реализиран преку Божјиот лик во човековото битие. Во активниот дијалог кој човековата личност го има со Бога, човекот напредува во уподобувањето со Бога преку личниот однос помеѓу него и Бог.

Човековата личност е еден сложен логос составена од тело и душа. Душата на човекот е едноставна и му дава живот на телото, но телото е составено од многубројни логоси соединети преку душата. Човековото тело е опиплив доказ на Божјата мудрост тогаш кога бил создаден со сите свои логоси. Оттука можеме да зборуваме за рационалноста на човекот како лик на Божјите Лица, нешто што ќе се обидеме да го откриеме од теологијата на отец Думитру Станилое. Во теологијата на отец Станилое човекот е една целост од тело и душа, едно разумно битие. Рационалноста на човекот е активна уште од создавањето, од примањето на душата од Бог. „Човековото тело е една специјална опиплива рационалност, преку тоа што уште

3 D. Stăniloae, "Chipul lui Dumnezeu şi responsabilitatea lui în lume", Ortodoxia 25 (3/1973), 355-356.

4 D. Stăniloae, "Chipul lui Dumnezeu şi responsabilitatea lui în lume", 353.

од почетокот го има во себе специјалното дејство на душата, напечатено во него со сета комплексност на разумните активности и на нејзините чувствителни форми“[5]. Во овој цитат јасно гледаме колку е сложено соединувањето помеѓу телото и душата формирајќи една разумна човекова личност. Рационалноста на телото е откриена и има вредност преку разумната душа, односно преку дејството на душата. Ако телото би немало никаква врска со душата, тогаш би било само една рационалност без разум, ништо рационално не би се манифестирало преку него. Преку душата дадена од Бог ние сме сродени со Бог, способни сме за вечно комуницирање и заедница со нашиот Создател. Човекот беше создаден со способноста да го прими духот од Бога за да биде способен да се уподоби со Бог. „Нашето битие е сродно со Бог преку примениот дух, но го прима духот бидејќи е способно за него, бидејќи е способно за свесен однос со Бог“[6]. Се разбира, заедницата на човекот со Бог стана потполно можна со воплотувањето на Синот Божји. Човекот беше создаден според ликот на Синот или на Словото Божјо, што не значи дека човекот не беше создаден според ликот на целата Света Троица, туку напротив, го носи ликот на Света Троица. Ликот на Словото го направи можно воплотувањето на Синот и земањето на човековиот лик во целост, со сите свои својства освен гревот и го подигна човекот во потполна заедница со Бог Отецот. „Човекот е "ликот" на Словото и како таков "според ликот" на Отецот. Доколку е ликот на Словото и според ликот на Отецот, тој е ставен во еден однос со троичната заедница и е повикан да реализира во човековиот план еден живот во заедница сличен на троичната заедница и од Нејзината сила. Преку воплотувањето, Христос го подигна во човекот божествениот лик во целосната негова актуелност, односно во целосната негова заедница со Бог и со ближните луѓе“[7]. Преку воплотувањето на Словото, човековиот разум станува совршен во божествениот Разум кој е Синот Божји. Највисокиот Разум се соединува со човековиот разум кој е создаден според ликот на првиот.

Словото Божјо станува Ипостасот на човековиот разум, за човековиот разум да биде способен да биде во дијалог со Бог и да може да ги мисли логосите на работите како логоси на Божјото Слово, како што вели отец Станилое: „Оти Словото Божјо е и правиот највисок личен Разум, според кој беше создаден личниот разум на секој човек, за да ги мисли логосите на работите како ликови на логосите на Божјиот Логос, заедно со личниот Божји Разум, во еден дијалог со Него. Според врската која ја одржуваше со човековиот разум пред воплотувањето, една врска ослабена преку гревот, личниот Божји Разум Се прави Тој самиот ипостасот или субјектот на човековиот разум, доведувајќи го во потполна согласност со Својот Божји разум. Човековата природа во Христос се потчинува со волјата на Неговата Божја волја, бидејќи нејзиниот разум е осветлен од Неговиот Божји разум, како

5 D. Stăniloae, Teologia Dogmatică Ortodoxă, Vol. I, București 2010, 392.
6 D. Stăniloae, Teologia Dogmatică Ortodoxă, Vol. I, 408.
7 D. Stăniloae, Teologia Dogmatică Ortodoxă, Vol. I, 426.

модел и негов извор и ги гледа работите, човековите личности и односите помеѓу нив на праведен начин и во сета нивна длабочина“[8]. Словото Божјо или највисокиот Разум ни го покажува непосредното доближување кое се создаде помеѓу Словото и човекот, веднаш со Неговото воплотување. Не постои повеќе растојание меѓу човекот и Бог, освен гревот. Од љубов кон човекот и светот, Еднородниот Син на Отецот зеде човеково тело (Јован 3, 16) за да го спаси човекот и светот. Преку Неговото воплотување ја манифестира целосната љубов но и целосното смирение само за да го усоврши човекот. „Ова манифестирање на божествената сила преку кротост, смирение и љубов, покажува дека меѓу божеството и човештвото нема една контрадикција, туку човештвото си го наоѓа совршенството во божеството“[9]. Ако во градината Еден човекот не можеше да го реализира своето совршенство и заедницата со Бог, совршенството и избавувањето дојдоа од Бог преку воплотеното Слово. Христос беше Оној кој го продолжи дијалогот помеѓу човекот и Бог. Бог Се откриваше постепено во Стариот Завет и продолжи да се открива постепено и преку Христос, за да биде постепено познат од страна на човекот. Затоа, „дијалогот со човекот го започнува Христос, воплотениот Бог. Тој најпрво са прави познат на човекот, за овој да му го бара спасението. Но откривањето е постепено. Човекот се разбуди, ги отвори очите, но уште не Го гледа јасно Оној кој го разбудил. Бог не му се открива на човекот одеднаш, целосно, бидејќи човекот не може да Го познае одеднаш во целост. Некако, човекот напредува вечно во познавањето на Бог. И Го познава сè повеќе од работите, од Неговите сè поголеми дарови“[10]. Созданијата на Бог си ги покажуваат нивните логоси за човекот со неговиот обожен разум да Го познае Бог. Христос или Божјиот Разум е оној кој го води човекот кон познавањето на Бог затоа што во Него е усовршен и обожен човековиот разум. Христос ни ги открива бавно логосите на созданието, за во нив да Го познаеме најпрво Него како највисок личен Разум. Познавајќи Го Него како Разум, ќе бидеме водени кон познавањето на Бог Отецот, преку Христос, воплотениот Син Божји. „Словото или ипостасниот Божји Разум, прифаќајќи ја во Себе нашата човечност, ѝ ги отвори повторно жедта и можноста што не се пропушта да ја познае Неговата бескрајна содржина и да комуницира со Него, како ипостасен Божји Разум, во вечен дијалог со Отецот“[11]. Дијалогот секогаш го започнува Бог, онака како што го повика човекот на дијалог и комуницирање откако го создаде, преку ставањето на имиња на создадените работи (1. Мој 2, 19), а потоа, Христос доаѓа во човеково тело и повторно го започнува дијалогот со човекот давајќи му ја можноста да ја познае бескрајноста и да стане бескраен.

8 D. Stăniloae, Teologia Dogmatică Ortodoxă, Vol. II, Bucureşti 2010, 44-45.
9 D. Stăniloae, Chipul evanghelic al lui Iisus Hristos, Bucureşti 2016, 32.
10 D. Stăniloae, Chipul evanghelic al lui Iisus Hristos, 103-104.
11 D. Stăniloae, Chipul nemuritor al lui Dumnezeu, Bucureşti 2013, 53.

**Ипостазирањето на човековиот разум во Ипостасот на Синот или во Божјиот ипостасен Разум**

За да ја разбереме подобро врската меѓу човековиот разум и Божјиот Разум препорачливо е да видиме што кажува отец Думитру Станилое за Словото-Разум и Неговата врска со Бог Отецот и човекот. Отец Станилое пишувал за меѓутроичните односи и како тие односи се наоѓаат или се бараат од човекот за неговото усовршување и спасение. Во повеќе дела на отец Станилое се зборува за Словото Божјо како личен Божји Разум, според Чиј лик се создадени логосите на работите, вклучително и разумот на човекот. Важно е да знаеме како Божјиот Разум Кој е едносуштен со Отецот и Светиот Дух е ликот на човековиот разум и како човековиот разум е ликот на Божјите Лица. Прво, не можеме да Го одделиме Синот од Отецот без разлика што сакаме да афирмираме. Во сè што прави Синот е присутен и Отецот. Словото не може да биде одделено од Отецот, како што вели отец Станилое: „Синот на Отецот е Неговото Слово, без да се смешаат еден со друг. И во сите зборови во кои делува ипостасното Слово присутен е Отецот. Не може Синот да биде одделен како Слово, како извор на зборови од Отецот, и не може да биде Отецот без Словото. Значи и Словото е вечно, како и Отецот“[12]. Нашата вера е основана на верата дека Христос е Синот Божји вечно Еднородениот, воплотен за нас и нашето спасение. Кој не ја исповеда оваа вистина се одрекува од верата на православната Црква. „Ако не го признаеме Христос како Син Божји и преку ова ако ризикуваме да ја сметаме секоја идеја за Бог како проста конструкција на умот, остануваме потчинети на смртта во која нè држи нашиот грев“[13]. Исповедајќи Го Христос како Син Божји, се наоѓаме на добриот пат ја дознаеме вистината за Него како Божји Разум. Вистината е во Христос, бидејќи во Него беше ипостазиран и човековиот разум во Ипостасот на Синот. Отецот го возљуби светот и Го прати Синот да нè спаси, ни го прати Разумот преку кој се усовршува нашиот човеков разум и нашето познавање. Преку Христос Го познаваме Отецот, а Отецот нè љуби нас преку Христос. „Воплотувањето како човек е едно дело на божествениот ипостатски Разум, бидејќи е Ипостасот возљубен од Отецот и кој Го возљуби Отецот на сите и преку Него Отецот возљубува сè. Преку Него сè Го возљубува Отецот, како нивно Потекло кое ги љуби“[14].

Во воплотувањето на Синот човекот станува комплетен во духовна смисла, бидејќи човековата природа е ипостазирана во Синот, така да ја има можноста да биде блиску до Бог. Божјиот Разум се соединува со човековиот разум и стануваат

12 D. Stăniloae, Chipul evanghelic al lui Iisus Hristos, 131.
13 D. Stăniloae, Chipul evanghelic al lui Iisus Hristos, 243.
14 D. Stăniloae, Chipul nemuritor al lui Dumnezeu, 653.

едно. Преку ова соединување, Божјиот Разум го обожува човековиот разум и го прави способен за познавање на божествените тајни. „Човековиот личен разум си го наоѓа во ова негово ипостазирање во Божјиот Ипостас, највисокото исполнување. Следствено, Логосот е исполнувањето на човекот како личност; човековата природа си го наоѓа во Божјиот Ипостас своето ипостасно исполнување“[15]. Оваа перихореза на природите, на божјата и на човековата, ги создава идеалните околности за човековиот разум во неговото усовршување и во познавањето на светот и на Бог. Обожениот човек почнува да мисли и да познава преку разумот на Христос онолку време колку што е во заедница со Христос. Кога човекот се осветува и влегува во заедница со Христос, неговиот разум се соединува со разумот на Христос и неговото познавање го надминува световното рационално познавање. Бог нè создал со разум кој е подобен со Неговиот Разум, затоа ја имаме способноста да мислиме и да создаваме работи на наш начин. Божјиот Разум и човековиот разум стануваат едно во Христос или во Ипостасот на Синот. „Ние мислиме и зборуваме рационално, бидејќи сме партнери на Личноста која е Таа самата лично Слово и го стави пред нас Своето мислење или создадениот лик на Своето пластично мислење, на ниво на разумот и на нашата создадена можност за изразување, со една создавачка сила која ние ја немаме“[16]. Само Бог можел да нè создаде рационални со можност да се вознесеме до Неговото подобие. Бог е Личност и нас нè создаде исто така личности, затоа и нашиот разум е лик на Божјиот Разум. Само една личност може да биде рационална. Човековиот разум е ипостазиран во Словото Божјо, достигнувајќи го своето највисоко реализирање, како што вели отец Станилое: „Логосот, како личен Разум, како субјект на мислењето што љуби, ја ипостазира во Себе човековата природа, имајќи како следување едно лично највисоко човеково реализирање“[17]. Во Христос човекот се усовршува целосно со сите свои лични својства. Во Христос човекот ги достигнува врвовите на својата човекова личност преку човековата природа ипостазирана во Логосот (Разумот) Божји.

Ипостазирањето на човековиот разум во Ипостасот на Синот го олеснува до одредена точка доближувањето и познавањето на Бог Отецот. Не можеме да стигнеме до Бога освен преку Христос кој се воплоти за нас, преку применото човештво во Ипостасот на Синот. Преку Христос ни се открива Изворот на сите познавања, Бог Отецот. „Преку ипостасниот Разум, Кој си го стави печатот во сè и го држи во хармонија, ни се открива Неговиот Отец – добриот Извор на сите“[18]. Нашиот божествен лик се обожува преку Христос во прегратките на Отецот. Создадени сме според ликот на Бог и во тој лик го имаме и нашиот разум кој е според ликот на божествениот Разум, односно според ликот на Синот. Овој разумен Лик нè создаде нас луѓето и ги создаде и логосите на работите во светот, а преку

15 D. Stăniloae, Teologia Dogmatică Ortodoxă, Vol. II, 45.
16 D. Stăniloae, Teologia Dogmatică Ortodoxă, Vol. II, 10.
17 D. Stăniloae, Teologia Dogmatică Ortodoxă, Vol. II, 34.
18 D. Stăniloae, Chipul nemuritor al lui Dumnezeu, 652.

овој Лик ни се вдахнови и разумот преку кој го познаваме созданието и Бог. Преку воплотувањето на Словото или на Божјиот Разум, логосите на работите добиваат еден богочовечки субјект преку кого се усовршуваат. Преку богочовечноста на Спасителот Христос, човекот ја има можноста да стане субјектот на несоздадените логоси на Словото, покрај логосите на создадените работи. Човекот не може да стане субјект на несоздадените логоси преку себе туку заедно со Христос и преку Христос, затоа што само Христос е единствениот субјект на несоздадените логоси, како што пишува отец Станилое: „Како што Божјиот Логос, Создателот на ликовите на своите несоздадени логоси, стана преку воплотувањето, покрај субјектот на своите несоздадени логоси и субјектот на создадените ликови на тие логоси, така е дестиниран човековиот субјект да стане носителот на создадените ликови на божјите логоси и носителот на несоздадените логоси на Логосот заедно со Него“[19]. Во Христос, нашиот разум се соединува со Божјиот Разум-Словото, затоа е способен да може да ги познае логосите на создадените работи, а преку Христос и несоздадените логоси. Нашиот човеков разум осветен и обожен во Христос се соединува со Божјиот Разум во Својот Ипостас, односно оној кој го соединува нашиот разум со разумот на Христос е Самото Слово Божјо, бидејќи ние немаме таква моќ. Човекот никогаш не можел преку сопствени сили да го исполни доближувањето до Бог и своето духовно усовршување, затоа, Бог е Оној кој го повикува човекот на заедница со Себе и Бог е Оној кој го реализира соединувањето помеѓу Него и човекот. Поточно, воплотениот Божји Син, односно Исус Христос е Оној кој преку Своето човештво нѐ соединува со Него и на тој начин го соединува нашиот разум со Својот божествен личен разум во Својот Ипостас. Оттука можеме да ја потврдиме афирмацијата на отец Станилое, „(...) дека Оној кој ја соединува нашата природа во Својот Ипостас е Божјиот ипостасен Разум“[20]. Самото Слово го реализира најинтимното соединување меѓу Него и човекот преку Своето воплотување.

Соединувањето реализирано еднаш помеѓу човечкото и божјото во Христос останува неразделно и вечно. Човештвото и божеството се соединија еднаш во историјата во Личноста на Спасителот Исус Христос, во една врска која не може да биде никогаш раскината. Човештвото прифатено од страна на Христос не исчезнува, туку станува дел од божествениот Ипостас на Словото. Човечкото се обожува целосно во Христос, што значи дека умот, разумот, волјата и чувствата се сите обожени во Христос. Напредувањето во обожувањето и во познавањето на Бог се реализира само преку Христос. Нашето обожено човештво во Ипостасот на Синот го прави возможно соединувањето и заедницата на Христос со нас луѓето, бидејќи преку Неговото воплотување ја стекнавме оваа врска која не се раскинува. Наоѓајќи се човекот во една толку интимна заедница, во Христос ја има можноста да

19 D. Stăniloae, „Chipul lui Dumnezeu şi responsabilitatea lui în lume”, 354.
20 D. Stăniloae, Chipul nemuritor al lui Dumnezeu, 652-653.

биде во постојано познавање на божеството кое Ипостасот на Синот го споделува со човекот, а споделувајќи се Себеси, ја споделува љубовта и заедницата со Бог Отецот. Преку човештвото земено врз себе од Христос, е преземен и човековиот разум од страна на Христос. Поточно, Божјиот Разум или Словото Божјо се соединува со човековиот разум, Божјиот Лик се соединува со оној кој е создаден според Него. Архетипот на човековиот разум зема на себе сè што е човечко за да го направи учесник во Својот Ипостас и во љубовта на Отецот. „Христос го држи во една нераскинлива врска разумот на човештвото со Божјиот Разум, Кој е едно со Божјиот Ипостас на Синот, но и Ипостас на разумот на применото човештво. Тој не може да биде затворен во светот, како една независна реалност од Бог и ексклузивна, туку вечно е потопен во познавањето на божеството од Божјиот Ипостас кој му стана сопствен ипостас и истовремено со Него во љубовта на Отецот“[21]. Христос ги споделува божествените работи и Својот разум со човекот кој се наоѓа на патот на совршенството и на светоста. Човековиот разум ипостазиран во Христос има вечен пристап до познавањето на Божјиот Логос и на божествените тајни. Познавањето никогаш не може да се одвои од љубовта на Бог Отецот, Изворот на сè видливо и невидливо.

Во Христовото споделување, човекот си го гледа својот Лик и исто така го гледа и ликот на својот разум и целта на своето непрестано познавање. Човекот се гледа себеси во ликот Божји и може да си го познае Ликот според кој беше создаден. Уште од создавањето, во човекот постоеше можноста за соединување со Бог, затоа што Создателот не може да си го уништи сопствениот лик со кого го надарил човекот, туку човекот беше создаден со можноста да стане бог по благодат, да дојде до подобие со Бог. Словото Божјо можеше да се соедини само со сопствениот лик кој се наоѓа во човекот, правејќи го човекот учесник во Своето божество. „Во ова се гледа дека човештвото беше создадено способно да стане човештво на божествениот Субјект, тоа самото да биде означено од божествениот Субјект, за да може Тој самиот да мисли преку неговиот ум, да сака преку неговата волја, да чувствува преку неговото чувствување и да се изразува преку неговите зборови. Преку ова максимално се вреднува својството на човековото создание како лик Божји во сите негови својства“[22]. Оттука можеме јасно да го видиме фактот дека Божјиот лик е и ликот на човековиот разум, бидејќи Христос го зеде врз себе сето наше човештво освен гревот, со сите негови својства. Човековите ум, волја и чувствување стануваат Христови ум, волја и чувствување, и наоѓајќи се во Христос тие се обожуваат затоа што стануваат неразделен дел од Ипостасот на Синот. Христос станува Субјектот на нашето човештво, а ние сме повикани да Го следиме Христос и целосно да се усовршиме преку Него. Стана човек за да нè повика на соединување со Него и да ни покаже дека човештвото е согласно со божеството, токму преку Неговото

21 D. Stăniloae, Chipul nemuritor al lui Dumnezeu, 33.
22 D. Stăniloae, Chipul nemuritor al lui Dumnezeu, 337.

воплотување и дека обожувањето е можно во Него. „Синот и Словото Божјо, Ипостасот на највисоката срдечност и разум, влегува со нас во една заедница како човек со човек, во една меѓучовечна врска, очовечувајќи Се целосно, но обожувајќи ја и човековата природа“[23]. Значи, Ипостасот на највисоката срдечност и разум, како што вели отец Станилое, станува целосно човек и истовремено обожувајќи ја и човековата природа, што значи дека Тој не е со ништо подолу или помал од човековиот ипостас, туку е еднаков со него. Се разбира, кога велиме еднаков на него, мислиме на заедничкото човештво кое го споделуваат божјиот Ипостас и човековиот ипостас, не и на божеството кое е само на Божјиот Ипостас. Земајќи ја човековата природа и обожувајќи ја, Ипостасот на Словото Божјо ја актуализира и се „манифестира преку неа, на нивото и во формите специфични за неа“[24].

Манифестирањето на Божјиот Ипостас преку човековата природа го потврдува учењето на православната Црква за ипостасниот и личносен карактер на воплотувањето на Синот и Словото Божјо. Се манифестира преку човековата природа бидејќи ја присвои преку воплотувањето и бидејќи манифестирањето секогаш се прави меѓу лица кои можат да дијалогираат, значи е личносно. Личноста на Синот се обраќа на човековите личности на тој начин за да биде во иста лична и дијалошка врска. Тоа значи дека и разумот е ипостасен и личен, затоа што прави дел од душата на една личност, во случајот на Словото Божјо, Тоа самото е Божјиот Разум кој е дел од Божјиот Ипостас. Ако личностите комуницираат преку дијалог, тогаш и разумот има личносен карактер и е насочен кон други личности. „Значи самиот разум е една функција на личноста во однос со друга“[25]. Божјиот Разум има ипостатски и личносен карактер и е насочен кон Лицата на Света Троица, како и кон човековите личности. Човековиот разум има и тој еден ипостатски и личносен карактер, затоа што е лик Божји, поточно на Божјиот Разум и е насочен кон другите човечки личности и кон Божјите Лица. „Во таа смисла, Божјиот Разум има ипостатски личносен карактер и е насочен секогаш кон други ипостаси, како и човековиот разум. Но ова не го исклучува тоа разумот да има и една смисла на усиа (суштина) заедничка на повеќе личности. Таа е живот, смисла и меѓуипостатичен однос истовремено“[26]. Од погоре цитираните зборови на отец Станилое, сфаќаме дека разумот е заеднички за сите луѓе и се манифестира како личен меѓуипостатичен дијалог, односно меѓу човековите личности. Е сликата или подобро речено ликот на Божјите Лица, кои комуницираат на личен и меѓуипостатичен начин, односно перихоретски. Дијалогот и разумот се манифестираат и се реализираат преку зборови, а единственото словесно суштство е човекот. Зборувањето на човекот е ликот на Словото Божјо во човекот и овој дар е присутен во коминикацијата и

23 D. Stăniloae, Chipul nemuritor al lui Dumnezeu, 565.
24 D. Stăniloae, "Posibilitatea reconcilierii dogmatice între Biserica Ortodoxă şi Vechile Biserici Orientale", Ortodoxia 17 (1/1965), 24.
25 D. Stăniloae, Teologia Dogmatică Ortodoxă, Vol. II, 33.
26 D. Stăniloae, Teologia Dogmatică Ortodoxă, Vol. II, 33-34.

дијалогот на човекот со Бог и со човековите личности. Можеби затоа отец Станилое го нарекува човекот „мислителен збор", затоа што е способен за дијалог со Бог и со луѓето. „Секој човек е еден мислителен збор и во дијалог со личното божествено Слово и со другите лични човекови зборови"[27]. На овој начин се докажува рационалноста на човекот како лик на Божјите Лица, особено како лик на Словото Божјо, дека „човекот е едно личносно разумно битие, слично на Бог"[28].

**Познавањето како парадокс или доброволна кеноза на Бог**

Подобието со Бог не значи дека човекот има целосен пристап во познавањето на Бог, само затоа што е подобен на Бог. Подобието не го прави човекот автоматски подобен со Бог, туку е нешто што човекот треба да го добие преку својот духовен и разумен напор. Подобието му е дадено на човекот за да му биде импулсот кој ќе го направи повеќе да посакува да Го познае Бог, познавање кое не е можно ако не напредува во уподобувањето. Колку повеќе се уподобува на Бога, толку повеќе станува поблизок до Бог и Го познава подобро, но никогаш во целост. Божјата суштина не може да биде позната од страна на човекот, што нè праќа до заклучокот дека Бог во Својата полнота останува „неспознатлив" и „недефиниран" за човекот. Според зборовите на Емил Бартош во неговата книга Концептот за обожување во теологијата на Думитру Станилое, можеме да зборуваме за Божјиот лик во човекот како една неспознатлива мистерија, односно, и човекот е една тајна тешка за познавање, но го потврдува постоењето на Божјиот лик во човекот како лично постоење. „Рефлектирајќи ја полнотата на својот неспознатлив Архетип, Божјиот лик во човекот е, исто така, неспознатлив и недефиниран. Ова го рефлектира антиномичниот и парадоксалниот карактер на ликот. Преку аналогија и продолжување, како што постои една негативна теологија за мистеријата на Бог, исто така постои и една негативна антропологија за мистеријата на човекот. Иако е гледан како мистерија, сепак останува отворена можноста за пристапување кон Божјиот лик во човекот како лично постоење, највисоката форма на постоењето"[29]. Напредувањето во познавањето на Бог е поврзано со Неговиот лик во човекот и уподобувањето со Бог на човекот. Така како што напишав погоре, колку повеќе човекот се уподобува со Бог, толку повеќе се доближува до Неговото познавање, но познавањето на Бог секогаш е и останува една тајна за човекот, без разлика колку многу напреднал човекот во Неговото познавање. Ако Бог е бескраен, тогаш и Неговото познавање е бескрајно и непрестајно, затоа познавањето никогаш не престанува и тајната на Бог е вечно длабока и неспознатлива. Затоа, „познавањето на Бог си чува постојано еден парадоксален карактер: кога некој се вознесува во

27 D. Stăniloae, Teologia Dogmatică Ortodoxă, Vol. II, 8.
28 E. Bartoş, Conceptul de îndumnezeire în teologia lui Dumitru Stăniloae, Oradea 2002, 188.
29 E. Bartoş, Conceptul de îndumnezeire în teologia lui Dumitru Stăniloae, 195-196.

Неговото познавање, се вознесува во разбирањето на Неговата неразбирлива тајна“[30].

За човекот да може да Го познае Бог, треба неговата жед за познавање да не престане, туку да биде во постојана желба да стане подобен со својот Лик или, секогаш да го надминува претходното познавање за себе, за светот и за Бога. „Само чувајќи ја во себе жедта за познавање, човекот сфаќа дека Божјата бескрајност секогаш го надминува актуелното познавање“[31]. Во таа смисла, разумот на човекот е активен во познавање онолку време колку што си ја чува жива жедта за познавање. Ако жедта за познавање исчезне, тогаш разумот на човекот ќе остане само на степенот да ги знае обичните работи кои се случуваат во секојдневниот живот. Разумот ќе се затвори во ограниченото познавање на работите и без светост нема да може да се подигне до бескрајното познавање на Бог. Само тогаш кога човекот е свесен за неговиот повик да биде во заедница со Бог, неговиот разум и познавање ќе бидат насочени само кон Бог, Изворот на сите знаења.

Во православната теологија се знае дека разумот не е доволен за познавањето на Бог. Во делата на светите Отци и во делата на отец Станилое, покрај разумот се зборува многупати и за умот. Односно, само преку умот може да се дојде до познавање на Бог, бидејќи умот е единствениот способен да стигне до гледањето на божествените тајни. Разумот му помага на човекот во познавањето на логосите на создадените работи кои го водат кон Бог и кон познавањето на сите работи кои разумот може да ги познае, но тогаш кога се доближува до „гледањето“ на Бог, умот е оној кој го презема процесот на познавањето. Разумот не може да најде објаснување за она што го надминува, но умот иако „гледа“ и познава, останува нем пред Бог. Умот се воздигнува кон познавањето на Бог преку разумот и преку познавањето на логосите на работите. Затоа, како што вели отец Станилое, умот треба да биде многу добро подготвен за соединување со Божјиот Разум. „Бог е највисокиот Разум, Изворот на логосите на сите работи. Умот кој се воздигнува, во фазата на соединување со Бог, во непосредното контемплирање на тој Разум, треба да биде подготвен за разбирање на оваа средина на сите логоси, преку познавањето на повеќето од нив, иако бескрајното кое го познава сега го става во сенка претходниот начин на познавање“[32]. „Гледањето“ на Бог не се споредува со ниту едно претходно познавање кое човекот го знае, ги надминува сите, тоа е кулминирањето на човековото познавање. Затоа, умот е единствениот кој може да има пристап во познавањето на Бог, бидејќи е горниот дел на душата, оној дел кој го комплетира Божјиот лик во човекот. Умот „покажува дека тој Го познава Бог на директен, интуитивен начин, по едно ослободување од сите репрезентирања и слики на световните работи“[33]. Умот е повисок од разумот токму затоа што тој може да се

30 D. Stăniloae, Teologia Dogmatică Ortodoxă, Vol. I, 128.

31 D. Stăniloae, "Cunoaşterea lui Dumnezeu la Sfîntul Ioan Gură de Aur", Ortodoxia 9 (4/1957), 558.

32 D. Stăniloae, Ascetica şi mistica Bisericii Ortodoxe, Bucureşti 2002, 14.

33 D. Stăniloae, Teologia Dogmatică Ortodoxă, Vol. I, 399-400.

ослободи од сите репрезентирања на светот, додека разумот треба да биде врзан за тие репрезентирања и за нивните логоси, за да може да ја мисли нивната смисла која секогаш води кон Бог.

Познавањето и „гледањето“ на Бог за човекот не значи одделување на умот од телото на човекот или негово излегување надвор, туку познавањето и соединувањето со Бог се доживуваат заедно со телото. „Така како што познавањето преку чувствување на душата на другиот го реализираме преку посредството на очите, исто така и познавањето «преку гледање» на Бог го реализираме преку нашиот ум соединет со телото“[34]. Човекот целосно учествува во познавањето на Бога и во сединувањето со Него, целата душа и целото тело. Ниту еден дел од човекот не се дели од човековото битие за време на соединувањето со Бог. „Неделењето на умот од целосниот човек во познавањето на Бог се должи на фактот дека целосното познавање на Бог е во исто време едно соединување со Бог на оној што познава. Но од ова соединување нема дел само умот сфатен како чисто духовен дел на душата, туку целата душа и баш целиот човек“[35]. Овие факти ни кажуваат дека човекот уште од почетокот беше создаден за заедница со Бог, затоа и воплотувањето на Синот и Словото Божјо беше возможно. Ако умот може да се воздигне до блиско познавање на Бог, значи дека беше создаден за да може да ја познае бескрајноста во Бог. Умот и разумот се знакот дека човекот го има Божјиот лик во себе, бидејќи преку нив Го познава Бог. „Следствено, ако создадениот ум доаѓа на светот со импулсот за да познава, и да го познае бескрајниот, тој импулс е доказ дека тој е создаден преку бескрајноста, дека тој постои пред неа, ако од првиот момент на неговото будење ја претпоставува дека веќе постои“[36]. Без разлика што прави или што сака да познае, човекот секогаш доаѓа до афирмацијата дека постои еден Создател на сè, еден „Некој“ кој е над сè. Се разбира, познавањето на Бог не е една едноставна и лесна работа. Напредувањето во познавањето на Бог бара многу упорен труд, телесен преку аскеза и душевен преку молитва, духовното очистување е клучно за познавањето на Бог. Но човекот не може да Го познае Бог преку сопствената сила и колку што сака тој да познае. Бог е Оној кој му се открива на човекот спред мерата на неговата достојност. „Бог Го познаваме не само колку што можеме ние да Го познаеме, туку колку што Тој благоволи да се симне на нашето ниво од бескрајниот океан на Неговата реалност“[37]. Бог му се открива на човекот онолку колку што сака да му се открие на човекот, но и ако Се открие повеќе, човекот може да ја види само бескрајноста на Божјите Лица. Познавањето на Бог не е слично со научното познавање, каде што објектот и субјектот се ставени под обсервација и каде што се мерат сите церебрални или чувствителни активности и се доаѓа до еден синтетизиран одговор. Познавањето на Бог се случува најпрво во срцето и душата на човекот и потоа лице в лице, без

34 D. Stăniloae, Teologia Dogmatică Ortodoxă, Vol. I, 400.
35 D. Stăniloae, Teologia Dogmatică Ortodoxă, Vol. I, 401.
36 D. Stăniloae, Ascetica şi mistica Bisericii Ortodoxe, 20.
37 D. Stăniloae, "Cunoaşterea lui Dumnezeu la Sfîntul Ioan Gură de Aur", 561-562.

никаква материјална обсервација, бидејќи Бог надминува сè, дури и материјата.

Нашето познавање на Бог е реализирано преку нашето искачување кон Бог, но ако човекот се искачува бескрајно, не ќе знае кога ќе стигне да Го познае Бог. Затоа, Бог слегува кон нас од Својата бескрајност, дури и повеќе, Се воплотува и станува како нас за да можеме да Го познаеме подобро. Бог се празни од Својата Божја слава за да биде блиску до нас луѓето. „Познавањето на Бог од наша страна има како предуслов еден чин на доброволна кеноза на Бог, како и самото наше постоење“[38]. Кенозата[39] е чинот на доближувањето на Бог до нас луѓето, односно, Бог станува како нас за ние да можеме да станеме како Бог, преку богочовечноста на Христос. Бог е Оној кој доброволно слегува кај човекот, за човекот да се вознесе кај Бог.

Познавањето на Бог е можно само преку Спасителот Христос, оној кој Го познава Синот, ќе Го види и Отецот, како што ни кажува Спасителот (Јован 14, 7, 9, 11). Сето човеково познавање се концентрира во Христос, затоа без Христос не можеме да познаеме ништо, не можеме да направиме ништо (Јован 15, 5). Рационалното познавање на логосите на работите и разбирањето на нивната смисла е можно само во Христос, а преку Христос нашиот ум е вознесен кон небесниот Отец. „Затоа само во хоризонтот на логосите на Логосот му се открива на човековото битие смислата и поврзаноста на логосите на светот и само во Христос таа смисла и таа поврзаност е сфатена и развиена од човековиот субјект во нејзината недефинирана длабочина“[40]. Сето познавање кое човекот го добива е во Христос, подобро речено, во Христовата светлина. Во таворската светлина Христос ни се покажува каков што е како Син Божји, но исто така ни ја покажува и темнината на Неговата светлина, односно неможноста да Го познаеме целосно во Неговата Божја суштина. Преку Христос, човекот доаѓа до гледањето на таа божествена светлина со очите на неговиот обожен ум, во кој тој Го доживува Бог, се соединува непосредно со Него. Тоа соединување е несфатливо за човекот, но е многу реално, како што вели и отец Станилое, дека тоа има еден апофатичен карактер и ја сфаќа божествената тајна. „Затоа оваа светлина и нејзиното сфаќање имаат еден апофатичен карактер, многу повеќе нагласен отколку оној на негативната рационална теологија. Оти преку последната Му се негира на Бог она што се разбира и не се прави ниту еден чекор погоре, останувајќи се пред еден вакум. Но «гледањето» на божествената светлина ја сфаќа божествената тајна како еден лик потполно несфатлив за природните сили на умот, но не помалку реален. Е едно дознавање на Бог преку соединувањето со Него, преку Неговото доживување, преку фактот

38 D. Stăniloae, “Cunoaşterea lui Dumnezeu la Sfîntul Ioan Gură de Aur”, 562.

39 За кенозата во делото на отец Д. Станилое види F. T. Tomoioagă, “Chenoza în opera părintelui Dumitru Stăniloae şi a sfântului Iustin Popovici – o privire comparativă”, во Dumitru Megheşan et al. (coord.), Academician Preot Profesor Dr. Dumitru Stăniloae– Părintele teologiei româneşti, 96-114.

40 D. Stăniloae, “Chipul lui Dumnezeu şi responsabilitatea lui în lume”, 356.

дека душата прима преку него нешто сопствено на Бог“[41]. Отец Станилое ни дава објаснување зошто Бог се јавува како светлина, затоа што Бог е светлина и љубов (1. Јн 4, 8). Љубовта е највисоката форма на постоење во Бог. „Бог е светлина бидејќи е љубов. И е љубов, бидејќи може да се општи на совршен начин во Својата внатрешност и може да ја направи и совршено примена во Својата внатрешност, како од Личност до Личност“[42]. И познавањето на Бог од страна на човекот има личносен карактер, бидејќи човекот е личност според Божјиот лик. Личносниот карактер на познавањето е според ликот на љубовта во Светата Троица.

Обожувањето и усовршувањето на човековата личност се тесно поврзани со Личноста на Спасителот Исус Христос. Само преку Личноста на Спасиетелот стануваме вистински и обожени личности, бидејќи во Христос ги наоѓаме најдлабоките смисли на постоењето. Само две личности можат да се познаат и можат да дијалогираат и на крај можат меѓусебно да се проникнат во взаемно познавање. „Најпрекрасното, подлабокото и неисцрпното живеалиште меѓу збор и постоење, меѓу збор и дар, меѓу збор и сила, меѓу рационалното сфаќање и интуицијата која е над рационалното дефинирање, е личноста. Таа зборува и честопати се дарува тукму преку фактот дека е. Таа е концентрирање на сите можни зборови и дела кои може да ги општи бескрајно и повеќе од нив, ако не си го исуши постоењето преку недостатокот од љубов“[43]. Љубовта е единствениот критериум преку кој човековите личности и Божјите Лица можат да се соединат меѓу нив и единствениот критериум кој ќе ги држи вечно соединети. Љубовта е најсилниот импулс кој го мотивира човекот да Го познае Бог и го држи вечно во непестајното познавање на Божјата бескрајност. Љубовта го просветлува човековиот ум и го прави способен да Го познае Бог реално и непосредно, Кој е присутен во светлината која ја гледа човековиот ум. „А имплицитната сигурност на умот за една бескрајна разбирлива реалност сè додека всушност не ја познал, сигурност која го поддржува овој импулс за познавање, покажува дека умот пред да види, на некој начин ја опипува реалноста која следи да биде познаена, дека е претходно во еден вид на непосредна врска, чувствувана со неа како еден вид на темнина“[44]. Умот во Бог го открива богатството на логосите на работите и го гледа Божјиот Разум кој ги соединува со Себе. Сите созданија се соединуваат во Словото Божјо и човековиот разум си го наоѓа исполнувањето кое секогаш го бараше.

Во својот земен живот човекот не може да ги познае Божјите тајни и на создадениот свет во нивната полнота, но во вечниот живот му се откриваат нивните тајни и Го познава Бог во едно вечно движење без некогаш да Го познае во Неговата

41 D. Stăniloae, "Semnificaţia luminii dumnezeieşti în spiritualitatea şi cultul Bisericii Ortodoxe", Ortodoxia 28 (3-4/1976), 434.

42 D. Stăniloae, "Semnificaţia luminii dumnezeieşti în spiritualitatea şi cultul Bisericii Ortodoxe", 443.

43 D. Stăniloae, "Chipul lui Hristos în Biserica răsăriteană: Iisus Hristos, Darul şi Cuvîntul suprem al lui Dumnezeu", Ortodoxia 25 (1/1973), 12.

44 D. Stăniloae, Ascetica şi mistica Bisericii Ortodoxe, 21.

полнота. Разумот и умот на човекот се ликот на Лицата на Света Троица, затоа човековиот разум има можност да познава вечно и вечно да биде соединет со Бог. Човековиот разум се соединува со неговиот лик, Божјиот Разум, со Словото Божјо и останува вечно во заедница со Него. Во вечниот живот, Христовото лице ќе биде центарот на контемплирањето на Божјите логоси и логосите на светот. „Своите Божји логоси и нивните создадени слики ќе се појават како црти на Неговото лице“[45]. Воскреснатите луѓе кои се наоѓаат во вечна заедница со Бог ќе бидат постојано насочени кон Христовото лице во кое вечно ќе гледаат како се откриваат тајните на созданието и Божјите тајни. Во Христовото лице ќе му се покажат на човековиот разум ликовите мислени и создадени од страна на Разумот-Словото. Човекот вечно ќе го гледа ликот на неговиот разум, Христос, напредувајќи во бескрајното познавање на тајните на Света Троица.



45 D. Stăniloae, "Chipul lui Dumnezeu şi responsabilitatea lui în lume", 362.